СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

SOS CHILDREN'S VILLAGES INTERNATIONAL



# Проект за
# Социјална инклузија и економско зајакнување на млади во социјален ризик

# Вовед

Правото на работа е едно од основните човекови права, а правото на инклузија и на вработување за сите е ставено високо на агендата на Обединетите нации, како осма цел од Целите за одржлив развој 2015– 2030 година.

Младите, а особено младите во социјален ризик, честопати се лишени од ова право. Оваа ранлива група се соочува со бројни бариери при интеграција на пазарот на труд, како што се: ниско ниво на образование и на вештини; недостиг на работно искуство; недоволно развиени социјална мрежа и контакти; ниска самодоверба, мотивација и верба во промена. Некои од овие млади живеат на работ на сиромаштија или се примателі на социјална помош. Младите родители во социјален ризик се соочени со предизвик како да создадат сигурна и одржлива средина за раст и развој на своите деца и како да ги научат вештините на позитивното родителство.

Токму овие состојби беа една од главните причини СОС Детско село Македонија да ги прошири своите превентивни програми за поддршка на млади и на млади родители во социјален ризик и да преземе акција во областа на социјалната инклузија и на подобрувањето на социо-економската состојба на младите.

Со поддршка на Германското министерство за економска соработка и за развој и на Фондацијата Херман Гмајнер, СОС Детско село Македонија во 2016 година основа Ресурсен центар во општина Гази Баба, во кој започна примена на проектот Социјална инклузија и економско зајакнување на млади и на млади родители во социјален ризик преку мерки за генерирање приходи. Со проектот се опфатени млади луѓе и млади родители од територијата на градот Скопје, со фокус на општина Гази Баба.

Во Ресурсниот центар, кој е единствен од ваков вид во земјава, младите невработени лица добиваат менторска поддршка при вработување или при самовработување. Целокупното работење со младите корисници се води според методологијата на СОС Детско село Македонија за менаџмент на случај, која овозможува индивидуален менторски пристап и задоволување на потребите на секој корисник според неговите капацитети, лични карактеристики и состојби. Многу важен сегмент во зајакнувањето на младите лица, корисници на проектот, е и психосоцијалната поддршка којашто придонесува за јакнење на самодовербата, на создавање позитивна слика за себе и на зголемување на мотивацијата за активно вклучување на пазарот на труд. Проектните активности овозможија и поттикнување младинско волонтирање, проактивност, граѓанско учество, вмрежување и врсничка поддршка, како клучни за заземање активен став кон сопствениот живот и кон иднината.

Многу важен дел од  Ресурсниот центар е детското катче Среќно детство, во коешто тим стручни работници пружа бесплатна дневна грижа на деца чии родители се корисници на проектот. Со згрижувањето на децата во детското катче родителите имаат време да посетуваат обуки и активно да бараат работа. Покрај тоа, родителите имаат и обуки на теми кои се важни за практикување на позитивното родителство и за стимулирање на раниот детски развој.

За да биде интервенцијата комплетна, СОС Детско село Македонија активно соработуваше со национални и со локални институции, особено со општина Гази Баба, како и со бизнис-заедницата за да станат свесни сите клучни актери за спецификите на оваа целна група и за поддршката што им е потребна за нивно успешно и одржливо интегрирање во општеството.

# КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА

Основан е Ресурсен центар за поддршка на млади и на млади родители во социјален ризик во Општина Гази Баба.

**335 млади се корисници на услугите за интеграција на пазарот на труд.**

**130 млади се вработени.**

**56 млади добија мал грант и отворија сопствен бизнис.**

Активна вклученост на **млади волонтери** во работењето со врсници. Проактивноста, граѓанското учество, младинското водство, врсничката поддршка и учењето се клучни вредности врз коишто се заснова работата на Ресурсниот центар.

Отворен е **Клуб на млади,** како центар во заедницата за личен и за професионален развој.

Широка **соработка со бизнис-заедницата** за вработување и за задржување на младите на работните места.

Поддршка и **работа во партнерство со Општина Гази Баба.**

Континуирано **менторство, застапување и лобирање** за да се земат предвид специфичните потреби на младите во социјален ризик од страна на работодавците и на релевантните институции.

**Психосоцијална поддршка и поттикнување** на проактивно однесување, на самоиницијативност, на зголемување на самодовербата, создавање можности за учење, вмрежување, давање врсничка поддршка и формирање групи за самопомош.

Партнерска **соработка и заеднички акции** со други актери во општеството, кои решаваат прашања поврзани со социјалната инклузија и интеграција на младите на пазарот на труд.

# ПОРАКИ ОД КОРИСНИЦИ

„Ми се зголеми мотивацијата и вербата дека како млади лица не сме оставени сами на себе“. (Иван, 23 години)

„Мојата самодоверба се зголеми, станав посигурна во себе и во своите способности. Добив нова надеж за искористување на сопствените потенцијални“. (Катерина, 28 години)

„Станав самостојна, самоуверена, отворена, комуникативна, полна со волја за нови успеси и достигнувања, успеав сите недостатоци и слабости да ги отстранам, а тоа придонесе да се вработам“. (Билјана, 28 години)

„Обуките и работилниците ми помогнаа да бидам подобра и посамоуверена, а како резултат на тоа ја добив посакуваната работа“. (Стефанија, 22 години)

„На младите невработени, би им порачал неуморно да вложуваат во себе, затоа што секоја инвестиција во своите вештини им помага да се движат побрзо на патот кон успехот“. (Иван, 23 години)

# Мапа на мали бизниси - Скопје



Скенирај и погледни ги видео
приказните за малите бизниси



„На моите врсници би им препорачала да го искористат времето додека се во период на барање работа со тоа што ќе се надградат себеси и топло им порачувам да се вклучат во овој проект“. (Катерина, 28 години)

„Да бидат дел од проектот затоа што и покрај лошата ситуација во земјата, сепак постојат и исклучоци како Ресурсниот центар, кој преку програмата што ја нуди многу ми помогна да се надоградам и да успеам да пронајдам соодветно работно место.“ (Мартин, 30 години)

„Младите не треба да губат надеж дека можат да се вработат, туку да дојдат во Ресурсниот центар и да им веруваат на своите ментори, бидејќи тоа е место кое изобилува со позитивна енергија, насмеани и весели лица кои секогаш се спремни на секого несебично да помогнат“. (Билјана , 28 години)

„На моите врсници кои се невработени топло им препорачувам да се обратат во Ресурсниот центар и бидејќи тука ќе им се отворат нови видици , како на професионално ниво така и за личниот развој“. (Елена, 33 години)

# Постигнати резултати














„Несебичната поддршка која ја добивав изминатиот период од менторот, придонесе да верувам во себеси и во квалитетите кои ги поседувам и похрабро да чекорам низ животот". (Марија, 24 години)

„На младите им порачувам слободното време да го инвестираат во себеси, односно да ги посетат обуките кои ги нуди Ресурсниот центар. Така имаат поголеми шанси на пазарот за вработување бидејќи се стекнуваат со поголема самодоверба и што е многу важно ќе ја прошират својата мрежа на познанства." (Марија, 24 години).

„За мене, проектот имаше големо значење во поглед на развивање на моите организациски и комуникациски вештини, зголемување на самодовербата, како и развивање на клучните способности за успех при процесот на барање на работа." (Христина, 24 години)

„Доколку станете дел од овој проект многу ќе ви се промени животот кон подобро, а најважно постојано ќе добивате поддршка и мотивација за успех од тимот на проектот." (Марија, 19 години)

„Ова учество за мене беше едно ново искуство, ширење на познанства, отворање на нови гледишта и градење на себе како личност." (Евдокија, 24 години)



Проценка на компетенции
Професионална ориентација
Индивидуален развоен план
КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И МЕНТОРИРАЊЕ
Подготовка за интервју
Поврзување со работодавач
Давање препораки
ПОДДРШКА ПРИ БАРАЊЕ РАБОТА
Соработка со бизнис заедницата
Континуирано менторирање
Практикантство
Општинско корисна работа
Волонтерство
СТЕКНУВАЊЕ ПРАКТИЧНО РАБОТНО ИСКУСТВО
Чираштво
ВРАБОТУВАЊЕ
Стручни обуки
ОБУКИ
Јазик
Компјутери
Обуки за меки вештини
Изработка на CV и мотивациско писмо
Презентациски вештини и јавно говорење
Комуникациски вештини и справување со конфликти на работно место
Зголемена самодоверба
ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА
Зголемена мотивација
Позитивен и оптимистички став кон животот
Креирање позитивна слика за себе
Личен развој
Редукција на стрес
Јакнење на снаги
Надминување на страв, трема, анксиозност

# САМОВРАБОТУВАЊЕ



I КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ, ПРОЦЕНКА НА БИЗНИС ИДЕЈА, ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

II ОБУКИ

III МЕНТОРСТВО ПРИ ИЗРАБОТКА НА БИЗНИС ПЛАН

IV ОЦЕНУВАЊЕ НА БИЗНИС ПЛАН И ОДОБРУВАЊЕ

V РЕГИСТРАЦИЈА НА МАЛ БИЗНИС

VI ГРАНТИРАЊЕ

VII МОНИТОРИНГ

VIII ВМРЕЖУВАЊЕ И КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА







# ДЕТСКО КАТЧЕ
> деца од 3 до 6 години <

## РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

- Социјализација
- Воспоставување навики и правила
- Емоционален развој
- Јазик и почетно описменување
- Индивидуални средби со деца
- Здравје и моторен развој
- Учење

## ПОЗИТИВНО РОДИТЕЛСТВО

- Едукативни работилници со родители
- Индивидуални советувања со родители
- Креативни работилници со родители и деца









# Успешни приказни

# Ни дадоа знаење, а за возврат сакаа само да сме среќни

„Ми беше задоволство да бидам меѓу толку многу млади луѓе, предводени и поддржани од тим од позитивни и пријателски настроени лица, кои даваа сè од себе да ни помогнат во остварувањето на она што го посакуваме, а притоа единственото нешто што го сакаа за возврат од нас беше да сме среќни, успешни и помотивирани да чекориме низ животот.“ – со овие зборови 22-годишната Едина се заблагодари на својот ментор и на целата екипа од проектот за Социјална инклузија и економско зајакнување на млади во социјален ризик, спроведен од СОС Детско село.





„Овој проект ми овозможи да ги остварам плановите, да се изградам во личност којашто сега храбро чекори низ животот, со поголема самодоверба и сум на пат кон градење кариера којашто отсекогаш сум ја посакувала. На моите врсници топло им препорачувам да наминат во Ресурсниот центар на СОС Детско село и да се приклучат кон овој проект.“– вели Едина.

Очајна од неуспехот на сите досега обиди за стапување на работа, Едина се појавува во Ресурсниот центар на проектот во средината на 2017 година, барајќи помош и поддршка за нејзино унапредување и помош при вработување. Како дипломиран правник, но без работно искуство, таа наидува на тешкотии при наоѓање сериозен работен ангажман.

Едина е млада девојка, по националност Албанка, која живее во приградска средина. Дете е во петчлено семејство, заедница од двајца родители и двајца помали браќа, со единствен приход во семејството којшто го остварува таткото, во вредност од 12.000 МКД, што е за околу 60 % помалку од просечната семејна потрошувачка кошничка на национално ниво.

За проектот дознала од Агенцијата за вработување.

„Во рамките на проектот, Едина доби менторска поддршка при спроведување на сите планирани активности– кариерно советување; едукативна поддршка за основни работни вештини, којашто се содржи од обуки за унапредување на комуникациските вештини и на вештините за справување со конфликти во работна средина; организација; обука за подготовка на кратка биографија (CV) и на мотивациско писмо; потоа, менторство за подготовка на документи за аплицирање на работна позиција; како и обука за управување со личен буџет. Едина, како поддршка, исто така, ги посети и обуките за основно познавање странски јазик, како и обуката за основно познавање работа на компјутер, коишто се неопходни за аплицирање за работа на позиција за којашто таа беше подготвена да ја прифати.“– велат од СОС Детско село.

Едина веќе една година и половина работи во голема успешна компанија, „Даути Транспорт Шпед“, на позиција административен работник.

За кусо време таа доби и дополнителна едукативна поддршка од компанијата– обука за административно работење, а како заслуга за нејзиното напорно и одговорно работење, веќе во првата година доби две покачувања на платата.

Сега таа не само што му помага на своето семејство кое е во тешка финансиска состојба туку може и да зачува доволно средства за да го продолжи формалното образование на ниво на магистерски студии.

# Сами отвори свој дуќан и го продолжи занаетот на татко му

Уште од најрана возраст Сами работел како чирак во дуќанот на неговиот татко, каде што научил сè за кожарскиот и за кројачкиот занает. Отсекогаш имал желба да се занимава со истиот занает како и татко му, па за да ја продолжи семејната традиција, тој решил да отвори сопствен бизнис за изработка и за корекција на производи од кожа, крзно и од текстил. За таа цел аплицираше во проектот Социјална инклузија и економско зајакнување на млади во социјален ризик.



„Како долгорочно невработено лице со ниски примања од повремено работење, Сами ги исполнуваше критериумите за учество во проектот.“– велат од Ресурсниот центар на СОС Детско село.

Во рамките на проектот тој доби менторска поддршка при спроведување на сите планирани активности – кариерно советување, едукативна поддршка, којашто се состои од обука за менаџмент на мал бизнис и за претприемаштво, и изработка на бизнис-план во соработка со ментор. Исто така, доби и дополнителни обуки од областа на кроењето и на шиењето, преку кои стекна знаење за моден дизајн и за мулаж, како и финансиска поддршка во форма на неповратен грант од 61.500 денари, при што набави опрема и материјали потребни за секојдневно работење.

Сами отвори работилница за кроење и за шиење облека од крзно, кожа и од текстил. Во палетата на производи вклучува продажба на кожени јакни, кожени чанти, тренерки, производи од крзно и нуди корекција на облека.

Преку новонабавени машини за кроење и за шиење, сега тој може поквалитетно да ја извршува работата.

„Учеството во проектот ми пружи голема поддршка за да можам да отпочнам со моето работење. Преку обуките од проектот стекнав знаење да го водам бизнисот, подобро да го планирам работењето и стекнав многу нови пријатели со коишто имам соработка.“– вели Сами.




Моментално Сами заедно со својот чирак успева да ги реализира проекциите од бизнис-планот за профитабилно работење. Смета дека квалитетот и упорноста се водечки фактори за успех, а овие вредности му ги пренесува и на својот чирак.



„Планирам да го проширам бизнисот на друга локација во градот Скопје. Иако се намалува бројот на занаетчии во оваа дејност поради состојбата на пазарот и поради увозот на евтина роба од странство, со квалитетно работење и со истрајност успевам да ги остварам зацртаните цели за продажба и да остварам приход. Препознатлив сум кај клиентите и ме доживуваат како прв избор за корекција на производи од кожа, крзно и од текстил. Иако е напорно и тешко, упорноста е главна карактеристика по која треба да се водиме. Бизнисот носи многу препреки и предизвици, кои треба да се надминат само со упорност и со истрајност.“– вели тој.

Преку формирање на бизнисот Сами се чувствува посреќен и исполнет бидејќи го работи тоа што го сака, притоа остварувајќи профит.

„Иако поминувам долго време на работа, добро завршената работа, задоволниот клиент, приходите и љубовта кон дејноста ми даваат чувство на исполнетост и на среќа. Топло препорачувам на сите млади, доколку имаат идеја и знаење за работење во одредена дејност, да формираат сопствен бизнис.“– советува Сами.

# „Сите имаме своја вредност“

- вели Александра, којашто од долгорочно невработен самохран родител стана негувателка



Александра се приклучи во проектот како 35-годишна самохрана мајка на две малолетни ќерки, приматели на социјална парична помош, поради долгорочна невработеност. Благодарение на менторскиот пристап кој Александра го доби во Ресурсниот центар на СОС Детско село, уште на самиот почеток се утврди дека таа е со намалена самодоверба и со ограничена мрежа на социјални контакти. На Александра ѝ беа потребна психосоцијална поддршка и зајакнување на образовните капацитети и на меките вештини.



Александра и нејзината менторка работеа на идентификување на нејзините јаки страни, предностите и на можностите и  заеднички изработија план за професионален развој што ќе ја доведе до нејзината главна цел – обезбедување стабилна работа, а со тоа и економска сигурност за неа и за нејзиното семејство.

„Александра започна со обуки за личен и за професионален развој. Таа успешно ги помина обуките за меки вештини, кои ѝ овозможија подобрување на вештините за деловна комуникација, обуките за изработка на апликација за работа и за тоа како да се однесува на интервју, за вештини за подобро менаџирање со личните финансии, за вештини за основно компјутерско работење и за англиски јазик.“– вели нејзината менторка.

Покрај тоа, Александра помина обука и се лиценцираше за негувател и за професионален згрижувач преку програмата PRIDE. Врз основа на овие обуки таа ги зголеми своите компетенции за работа со деца, што ѝ овозможи успешно да се вклучи како практикант преку програмата за Општинско корисна работа на општина Гази Баба. По завршување на шестмесечната практика, Александра доби информации од страна на својата менторка за слободни работни места и со нова самодоверба аплицираше и успеа да се вработи на определено време во локалната градинка. Откако и заврши овој ангажман, таа, благодарение на своите нови вештини за барање работа, набрзо успеа самостојно да си најде нова работа, на којашто и тековно работи.

Комуникацијата со менторката продолжува. Александра е чест учесник на обуките за личен развој и за надградување на своите деловни вештини. Ги зајакна своите социјални и работни вештини и не само што е активна на пазарот на труд туку изгради и нови пријателства со свои врсници кои ги запозна во Ресурсниот центар.

„Најважно е никогаш да не се откажуваме. Треба да се фокусираме на креирање позитивна слика за себе, да сфатиме дека сите ние имаме своја вредност, добри страни и капацитети.“ – вели сега Александра откако ги помина обуките и се вработи.

„Иако понекогаш целите изгледаат нереално, тие сепак се реални и можат да се остварат. Понекогаш можеме сами, но понекогаш е добро да се знае дека луѓето во Ресурсниот центар на СОС Детско село се тука за вас, да ве советуваат и да ве поддржат. Ви благодарам за сè. Се надевам дека овој проект ќе продолжи и дека ќе им даде шанса на други луѓе како мене да учествуваат и да успеат.“– вели таа.

# Упорноста се исплатеше за Џан и за неговата мајка – таа се вработи, а детето се социјализираше

Упорноста во животот секогаш се исплати, а доказ за тоа се малиот Џан и неговата мајка, кои во септември 2017 година се приклучија како дел од проектот за Социјална инклузија и економско зајакнување на млади, што го спроведува СОС Детско село Македонија. Резултатот е евидентен – по две години мајката на Џан е вработена, а детето е социјализирано.





Во 2017 година тригодишниот Џан беше дете со коешто процесот на адаптација одеше бавно, постоеја и одредени моменти во кои неговата мајка беше на прагот да се откаже, но, сепак, тоа не се случи, а успесите започнаа да се нижат.

Џан е дете од мешан брак, татко му е Турчин, а мајката Ромка. Негов мајчин јазик е турскиот, со тоа што многу слабо разбираше македонски јазик. Семејството го сочинуваат пет члена, кои се издржувани само од една плата што ја заработуваше таткото на Џан.

„Најголемата соработка ја имавме со мајката којашто безрезервно ни веруваше и нè поддржуваше во реализирањето на нашите цели, а сето тоа влијаеше на нејзиниот професионален и личен развој.“– вели стручнитиот тим во детското катче.

„Таа ги посетуваше работилниците за родители, преку кои ги зајакна родителските вештини, и обуките што ја донесоа до остварување на крајната цел, а тоа беше вработување, коешто ја направи успешна и горда мајка.

Што се однесува на Џан, јазикот и комуникацијата, како и развојот на писменоста беше првиот дел во којшто дејствувавме затоа што тоа беше основа за понатамошен развој на Џан.“– додаваат тие.

Првите успеси се забележаа по неколку месеци, при што се увиде дека детето може да слуша и да разбира македонски говорен јазик, да зборува и да комуницира на македонски, а, исто така, самоинцијативно разгледуваше книги и на свој начин ги раскажуваше.





„Џан беше дете кое секогаш беше пријателски расположено и максимално заеднички се трудевме да ја подобриме неговата слика за себе, како и за другите деца, работевме на воспоставување критички став, како и на развивањето на способноста за логично поврзување на стекнатите знаења. Заеднички уживавме во музичките активности во коишто Џан доминираше и имаше чувство за ритам, како и потенцијал за употреба на основните музички инструменти. Песната и музиката беа составен дел во нашето катче, а позитивните чувства беа дел од нашето секојдневие.“– вели стручниот тим од детското катче при Ресурсниот центар на СОС Детско село.

Неговата мајка, којашто сега е вработена, е пресреќна.

„Моето дете многу се промени, пред сè во зборувањето, научи македонски јазик, а однесувањето му е многу подобрено и за мене тоа е успех, а вие сте професионални, фини и добри. На сите невработени би им порачала да бидат упорни во барањето работа.“– вели таа.

# Детското катче во Ресурсниот центар на СОС Детско село е царство за малиот Ерџан

Тригодишниот Ерџан живее во семејство кое брои 5 деца, а кога Ерџан почна да го посетува детското катче во Ресурсниот центар, неговата мајка беше бремена по шести пат. За Ерџан најмногу се грижеа неговите постари сестри на возраст од 10 и од 13 години, кои неуморно го носеа Ерџан во детското катче.

Ова семејството е дел од програмата за социјална превенција, преку којашто се дејствува на целото семејство.





Тие живеат во сиромаштија, во една соба, без струја. Вработените од детското катче во Ресурсниот центар на СОС Детско село сведочат дека малиот Ерџан на почетокот бил многу повлечен и тешко комуницирал со другите деца.



„Единствениот јазик што го знаеше беше неговиот мајчин ромски јазик, што би претставувало предизвик за негова инклузија во основно училиште каде што наставата се одвива на македонски јазик. Тимски работевме на поттикнување на неговата мотивација, на неговото изразување, на неговото почетно описменување, затоа што знаевме дека немањето струја во неговиот дом придонесува тој најмногу да учи во нашето катче.“– велат неговата воспитувачка и неговиот психолог, вработени на проектот Социјална инклузија и економско зајакнување на млади.

Родителите на Ерџан немаат постојано вработување. Работат сезонски на нива, собираат пластични шишиња, а таткото повремено е ангажиран и во градежништво. При еден таков тежок живот, детското катче при Ресурсниот центар на СОС Детско село за ова дете претставува едно големо царство.

Упорноста на стручниот тим и редовното доаѓање на Ерџан во детското катче беа пресудни тој да ги надмине јазичните и воспитните препреки.

„Започнавме од наједноставно до најсложено, од прости и едноставни зборови до совладување на јазичната бариера преку употребување сложени реченици од страна на Ерџан, а, исто така, и рецитирање на научените песнички. Хигиената и воспитните правила ги поткренавме на највисоко ниво, со тоа што Ерџан по одреден период беше пример за другите деца. Држењето молив или боичка на почетокот беше обесхрабрувачки, но со поттикнувањето на неговиот интелектуален потенцијал предизвикавме успешно пишување на некои букви, како и разгорување на желбата за боење.“– објаснуваат вработените во детското катче при Ресурсниот центар.

# По обуките сум похрабра од порано

За проектот на СОС Детско село Рамајана дознала од својата пријателка, којашто веќе претходно била вклучена и поддржана како корисник. Младата 21-годишна девојка, Ромка по националност, имала завршено средно стручно училиште. Долго време била во потрага по вработување и, како долгорочно невработена, е вклучена во проектот во јуни 2017 година.

Рамајана живее во семејна куќа заедно со своите родители и со помалиот брат. Приходите во семејството се многу ниски и недоволни за задоволување на основните потреби на целото семејство.



„Две години се обидував да најдам работа, но сето мое трагање беше без успех. Многу бев разочарана и несреќна поради тоа. Самодовербата ми беше многу намалена. Имав среќа што мојата другарка го сподели нејзиното искуство од поддршката што ја добива од СОС Детско село, па ми препорача и јас да се обратам таму.“– вели Рамајана

Рамајана во минатото нема посетено никаков курс или обука затоа што немала финансиски средства, ниту информации каде да се обрати, но таа projави голем интерес да го надградува своето знаење.

„Во согласност со кариерното советување и со направената проценка на нејзините компетенции од страна на нејзината менторка, во периодот од јуни до октомври 2017 година, Рамајана успешно ги посети обуките за надградување на своето знаење за англиски јазик и за административно работење на компјутери. Ги зајакна своите меки вештини преку посета на обуките за комуникациски вештини, за справување со конфликти и за пишување кратка биографија (CV) и мотивациско писмо, а со обуката за финансиска писменост таа се стекна со знаење за тоа како правилно да располага со домашниот буџет.“– велат од Ресурсниот центар на СОС Детско село.

По успешно завршување на сите обуки, во изминатите години Рамајана смени неколку работни позиции и секој пат стремејќи се кон подобра работа.



„Поради тоа што веќе е со зајакнати вештини за барање работа и за аплицирање за работа, Рамајана. сега активно ги следи сите огласи за работа.“– вели нејзината менторка.

Таа, пак, е задоволна од досегашното искуство. Благодарна е за поддршката што ја доби од проектот и од нејзината менторка, со когошто е во постојана комуникација.




„Со учеството во проектот стекнав голема доверба во работењето со мојата менторка. Се здобив со многу нови знаења и вештини, самодовербата ми се зголеми и научив да пристапувам похрабро при барањето работа и при аплицирањето за нови работни места за разлика од порано. На моите врсници, кои се невработени и имаат желба да се вработат, им препорачувам да се обратат во Ресурсниот центар на СОС Детско село, со што ќе се зголеми нивната самодоверба, ќе станат похрабри и никогаш нема да се откажуваат од остварување на својата цел.“– вели Рамајана

Во моментов таа е вработена на ново работно место во приватна компанија, каде што има можност да ги примени своите зајакнати вештини и стекнати знаења. Се чувствува среќно што има создаден нов круг на пријатели, кои ги стекнала на претходните работни места. Таа никогаш нема да се откаже од исполнување на своите цели.

# Јуксен научи да вози камион и да заработува за живот

За прв пат во својот живот 32-годишниот Јуксен од скопската општина Гази Баба застана на свои нозе откако в раце ја зеде возачката дозвола за камион. Неговиот сон стана реалност кога тој и неговото семејство, како семејство во социјален ризик, се вклучија во програмите на Ресурсниот центар на СОС Детско село, преку кои Јуксен доби поддршка за јакнење на своите компетенции, за доквалификација и за долгорочно вработување.

Јуксен е татко на четири деца. Тој и неговата сопруга, како невработени, со години живеат на прагот на сиромаштијата. Но, тој сега е ангажиран во транспортна компанија како возач на повик, што за него е одлична можност да се стекне со практично работно искуство како возач на камион.

„Многу сум благодарен за поддршката којашто ја добив од вработените во СОС Детско село во процесот на барање работа, но и за можноста да добијам возачка дозвола од Ц-категорија со којашто полесно ќе најдам работа.“– вели тој.





Со поддршка на менторката, Јуксен успешно ги заврши обуките за комуникациски вештини, за вештини за справување со конфликти, за рационално менаџирање со лични финансии, за подготовка на кратка биографија (CV) и на мотивациско писмо и за подготовка за интервју. Јуксен се стекна и со клучната вештина за неговото идно вработување – возачка дозвола од Ц-категорија.






„Неговите лични и професионални компетенции се зајакнати и тој е мотивиран да бара работа.“ – велат вработените во Ресурсниот центар, коишто беа дел од програмата.

Јуксен по националност е Ром. Има завршено само основно образование. Двајцата сопружници, со години невработени, секојдневно се бореле да ги задоволат основните потреби на своите деца. Целото семејство живее во заедница со родителите на Јуксен, во мало и сиромашно домаќинство, во рурална населба на периферијата на Скопје.

Преку учество во проектот Јуксен стекна нови знаења и вештини, се стекна со квалификација за возач на камион и ја зголеми својата самодоверба, со што за него се отворија нови можности и перспективи на пазарот на труд, преку кои може да обезбеди посигурна иднина за себе и за своето семејство.

# Младите да преземат ризик и да формираат сопствен бизнис

Откако го завршила средното образование, Емина имала тешкотии да најде вработување. Завршила гимназија, но нејзината страст била изработување накит од филигран. Во тинејџерските години, како хоби, почнала да изработува накит што го продавала на познајници и од тоа заработувала за живот. Сепак, за да може да понуди квалитетен накит на пазарот, потребно било да се едуцира од стручни лица за изработка на филигран, но финансиските средства претставувале бариера.

„Кога дознав за проектот Социјална инклузија и економско зајакнување, решив да аплицирам поради желбата да отворам своја работилница за изработка на накит и да стекнам знаење како да ја остварам својата цел.“– вели Емина.



Во рамките на проектот Социјална инклузија и економско зајакнување на млади во ризик, Емина доби менторска поддршка при спроведување на сите планирани активности за отворање сопствен бизнис – кариерно советување и едукативна поддршка, којашто се состои од обука за менаџмент на мал бизнис и за претприемништво. Заедно со нејзиниот ментор изработија бизнис-план, а таа помина и дополнителни обуки од областа на комуникациските вештини и на разрешување конфликти, сметководствено работење во мал бизнис, продажба и преговарање и на дигитален маркетинг. Емина доби и финансиска поддршка во форма на неповратен грант од 61.500 денари, при што набави опрема и материјали потребни за секојдневно работење.

„Преку проектот добив поддршка којашто ми беше од големо значење бидејќи добив алат за изработка на накит, знаење од различни области на водење бизнис, што ми помогна подобро да го испланирам работењето и да се соочам со бројните предизвици кои се неизбежни кога отворате сопствен бизнис.“– вели таа.

Сега Емина е самовработена. Има сопствена работилница каде што изработува различни производи од филигран, како алки, ланчиња, брошеви, прстени и др. Смета дека само со напорна работа, истрајност и со континуирано учење може да се надминат сите предизвици кои произлегуваат од работењето.



„Планирам да го проширам бизнисот со тоа што ќе отворам свој дуќан на атрактивна локација, каде што ќе ги изложам моите производи изработени во работилницата и ќе ги понудам директно до потенцијалните клиенти. Препознатлива сум на пазарот и веќе имам направено лојална мрежа на клиенти. Она што е позитивно е континуираната поддршка од проектот. Учествував на саем на мали бизниси каде што ги промовирав моите производи, учествував на обуки за проширување на знаењето од областа на дигиталниот маркетинг, продажбата и на преговарањето и учествував на обуки за сметководствено работење во мал бизнис. Преку континуираната комуникација, всушност, имам партнер на когошто можам да ги адресирам моите проблеми и да добијам помош за нивно надминување.“– вели Емина.

Преку формирање на бизнисот Емина се чувствува посреќна и поуспешна бидејќи оствари цел којашто многу посакуваше да ја реализира.

„Иако имам малку слободно време поради работните обврски, поради тоа што сум активна и ангажирана со работата којашто сакам да ја работам, јас сум посреќна и позадоволна од самата себе. Дополнително, тука е и финансиската придобивка во форма на заработка од бизнисот којшто ми овозможува подобар животен стандард. Топло препорачувам на сите млади, доколку имаат идеја и знаење за работење во одредена дејност, да преземат ризик и да формираат сопствен бизнис.“– порачува 35-годишната Емина.



## СОС Детско село Македонија


**Национална Канцеларија**

Ул. Ристо Шишков број 31, 1000 Скопје
Телефон: +389(0)2 3290 556

**Ресурсен центар на СОС Детско село Македонија**

Ул. Палмиро Тољати, 6б,  1000 Скопје
Телефон: + 389 71 370 150

www.sos.org.mk


Scan me

поддржи ја нашата работа